**Република Северна Македонија**
**Државно правобранителство на**
**Република Северна Македонија**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Avokatura e shtetit e Republikës**
**së Maqedonisë së Veriut**

**Бр.02-875/10**
**19.09 2023 година**

Државно правобранителство
на Република Северна Македонија
Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје
Тел.02/3230-214,3230-217
Фах. 02/3229-351
e-mail. dpskopje@dprsm.gov.mk

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници „Службен весник на Република Северна Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а во врска со објавениот Интерен оглас број 02/2023 за унапредување на еден (1) административен службеник во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Државниот правобранител на Република Северна Македонија донесува:

# ОДЛУКА

**за избор на кандидат по Интерен оглас број 02/2023 за унапредување на административен службеник во Државното правобранителство на Република Северна Македонија**

1. Кандидатот Бледар Зиба по пат на Интерен оглас број 02/2023 се избира на работното место УПР 01 01 В01 000 Ссветник за правни работи и застапување во Одделение за правни работи и застапување во Сектор за правни, општи и заеднички работи во Државното правобранителство на Релублика Северна Македонија.
2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 2/2023 со архивски број 04-875/4 од 31.08.2023 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-3984/2 од 23.03.2023 година Државниот правобранител на Република Северна Македонија упати барање до Секторот за управување со човечки ресурси, Одделение за организациски развој и обука бр.02-875/1 од 30.08.2023 година за отпочнување постапка за унапредување на административен службеник во Државното правобрантелство на Република Северна Македонија по добиеното барање, Секторот за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 02/2023 за унапредување на 1 (еден)

административен службеник во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, на ден 04.09.2023 година, на веб страна на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и веб страната на Агенцијата за администрација.

Под реден број 1 на интерниот оглас е работното место УПР 01 01 В01 000 Советник за правни рзботи и застапување, Одделение за правни работи и застапување, Сектор за правни, општи и заеднички работи (1) извршител.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеници, Комисија за селекција за унапредување и спроведување на интервју на кандидатите за унапредување, формирана од страна на Државниот правобранител на Република Северна Македонија со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување и спроведување на интервју на кандидатите за унапредување бр. 02-875/5 од 13.09.2023 година, која направи административна селекција на единствениот пријавен кандидат кој ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Државното правобранителство на Релублика Северна Македонија.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоени бодови од спроведеното интервју, Комисијата состави Записник од административна селкција за интерен оглас бр.02-875/8 од 19.09.2023 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник заради спроведување на интервју бр.02-875/9 од 19.09.2023 година, за работно место под реден број 1, категорија В1 и изготви Финална ранг листа на интервјураниот кандидат како и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 2/2023.

Врз основа на ранг листата и предлог одлуката за прво рангираниот кандидат, Државниот правобранител на Република Северна Македонија донесе Одлука за избор како до диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на ова одлука, ќе се донесе решение за унпредување на административниот службеник.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Одлука незадоволен кандидат може да поднесе жалба до Агецијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен во рок од 8 дена, сметано од денот на приемот на одлуката.

**ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Agron Reçi**